| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Шумски животни |
| **Содржина на денот** | Блиску – далеку |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Татјана Јовановска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Утринска гимнастика , раздвижување на целата мускулатура и вежби за загревање , разговор за здравите навики кои треба да ги применуваме секојдневно. |
| **Активности** | Разговор за шумските животни , можете да искористите гумени играчки (мечка, волк, лисица, зајак, еж, верверичка), апликации и го поттикнуваме детето да ги препознае , именува и да го препознае нивното живеалиште во шумата.<br>Потоа започнуваме игра „Најди го животното“. На почеток го запознаваме детето со правилата на игра и му велиме да излезе надвор од просторијата каде ќе сокриеме  едно од животните. На даден знак влегува и започнува да бара. Со користење на поимите блиску  и далеку даваме насоки за да го пронајде местото каде сме го сокриле животното.<br>На крај може да ги смениме улогите и тоа да крие , а ние да бараме.<br>Играме додека детето има интерес. |